
АГЕНЦИЈА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА
ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Одгледување на пченка со систем за наводнување капка по капка




ЗОШТО капка по капка?

РЕЗУЛТАТИ:
ПРИНОСИ КАЈ ПЧЕНКА

Национален просек
4,2 т/ха зрно
30 т/ха силажа

Приноси со капка по капка
13 т/ха зрно
93 т/ха силажа




210% зголемени приноси

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

ЗОШТО капка по капка?

РЕЗУЛТАТИ:
ВРЕМЕ



Заштедени **85** часа
по хектар годишно
(на наводнување и ѓубрење)

АГЕНЦИЈА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА
ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

ЗОШТО капка по капка?

РЕЗУЛТАТИ:
ЕКОЛОГИЈА

ЗАШТЕДА НА ВОДА



30-60%

НАМАЛЕН ИЗЛИВ НА ЃУБРИВО И СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА

НАМАЛЕНА ФРЕКВЕНЦИЈА НА ПЛЕВЕЛИ И ШТЕТНИЦИ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО



Споредба на пченка наводнувана со систем капка-по-капка наспроти конвенционално наводнување





Наводнувана со капка-по-капка
(126 т/ха силажа)
Наводнувана со бразди
(50 т/ха силажа)

Климатски услови и почва

- Пченката е чувствителна на мраз и недостаток на вода
- Минимална Т за раст и развој е 8°C
- Минимална Т во текот на вегетација е 12°C
- Оптимална Т во текот на вегетација е од 24°C до 28°C
- Надземниот дел замрзнува на -1°C

За добар принос потребни се 500-600 мм вода во текот на вегетација, меѓутоа најголема потреба од вода се јавува во развојните фази свиларење-оплодување и налевање на зрното.



Разлика во распределба на вода според тип на почва

Почва - најдобри резултати:

- ✓ плодна
- ✓ длабокопропустлива
- ✓ растресита
- ✓ која задржува повеќе вода


Помалку успешна е кај:

- лесни
- песокливи
- тешко глинести

Не се препорачува одгледување на кисели почви и на парцели со наклон поголем од 5%

Развојни фази

Вегетативниот циклус е поделен во 12 фази и за секоја фаза се потребни соодветни агротехнички процеси за добивање на оптимален принос.



АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Развојни фази

Секоја фаза се карактеризира со одреден вегетативен стадиум од развојот и секоја од фазите има одредено времетраење.

Фази	Денови	Карактеристики
VE	5	Проникнување на зрното
V1	9	Формирање на прв лист
V2	12	Формирање на втор лист
Vn	16 - 23	Формирање на лисната вегетација
VT	55	Појава на цвет
R0	57	Формирање на метлици и почеток на опрашување
R1	59	Свиларење
R2	71	Формирање на клипот
R3	80	Млечна фаза на зрното
R4	90	Формирање на зрното
R5	102	Зреење на зрното
R6	112	Физиолошка зрелост (влажноста на зрното е приближно 35%)

Плодоред и подготовка на почва

Во изборот на преткултура кај пченката не постојат ограничувања. Таа може да се одгледува како монокултура, по окопни и индустриски култури, но најпрепорачливо е како преткултура да се засеат легуминозни/мешункасти растенија (добиточен грашок, маслодајна репка) и житарици.

Избегнување на монокултура се препорачува во региони каде има опасност од појава на пченкарна златица или појава на треви и корови како што се сирак, кањуш итн.

Основната обработка на почвата зависи од преткултурата. Истата треба да се изврши во текот на есенскиот период на длабочина од 25 до 30 см., а заедно со обработката се препорачува и основно ѓубрење.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Плодоред и подготовка на почва

Рано напролет се препорачува да се започне со дополнителна подготовка, дообработка или култивација на почвата со цел задржување на водата во почвата и квалитетна подготовка на истата за сеидба. На тешки почви се препорачува и есенска култивација (тањирање) на почвата.

Пред сеидбата треба да се обезбеди ситнозрнеста структура на почвата со постилка подготвена за поставување на семето при сеидба. Најпрактична алатка за оваа операција е сетвоспремачот со прилагодена длабочина на обработка.

Доколку како преткултура на пченката е засеан добиточен грашок или маслодајна репка, се препорачува заорување на остатоците од културата на длабочина од 20 до 25 см. и култивација на парцелата пред сеидба.

Ѓубрење

Најсигурен, најточен и најрационален начин за планирање на ѓубрењето е со правење на анализа на почвата.

За добивање на 100 кг. сува материја потребно е да се обезбедат:

- 2,5 - 3,6 кг. N (азот)
- 0,8 - 1,2 кг. P_2O_5 (фосфор пентоксид)
- 2,7 - 3,1 кг. K_2O (калиум оксид)

Преку ѓубрењето потребно е да се обезбедат:

- 300 - 350 кг. N (азот)
- 100 - 180 кг. P_2O_5 (фосфор пентоксид)
- 300 - 250 кг. K_2O (калиум оксид)


АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Ѓубрење

Најефикасниот начин за прихрана на пченката е аплицирање на ѓубриво преку системот за наводнување **капка по капка** со кој хранливите материи полесно се апсорбираат од растението.



Инјектор за ѓубрење
со систем капка по капка



АГЕНЦИЈА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА
ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО


Заштедени 85 часа
по хектар годишно
(на наводнување и ѓубрење)

За прихрана преку системот капка по капка се препорачува следната програма:

Развојна фаза	Ѓубриво	Количина
Пред сеидба – аплицирање на гранулирано ѓубриво	Yara Mila Panter или Yara Mila Universe или Yara Mila Leopard	300 кг/ха
Вегетативен пораст	Yara Vera Amidas 40 0 0	150 кг/ха
До цветање – преку капка по капка	Kristalon 19-6-6	50 -100 кг/ха
Опрашување и оплодување – преку капка по капка	Kristalon 19-6-20	100-150 кг/ха
Налевање на зрното – преку капка по капка	Kristalon 15-5-30	100-150 кг/ха

За прихрана со останатите видови на наводнување се препорачува следната програма:

Развојна фаза	Ѓубриво	Количина
Пред сеидба – аплицирање на гранулирано ѓубриво	Yara Mila Panter или Yara Mila Universe или Yara Mila Leopard	300 кг/ха
Вегетативен пораст	Yara Vera Amidas или Yara Mila Sprinter	150 кг/ха
До цветање	Yara Vera Amidas или Yara Mila Sprinter	100 кг/ха
Опрашување и оплодување	Yara Mila Complex и Yara Vera Amidas	100 кг/ха 50 кг/ха
Налевање на зрното	Yara Mila Complex или Unika Kali	180 кг/ха 150 кг/ха

Дополнително, се препорачува наѓубрување со 30-50 т/ха прегорено арско ѓубре на секои 3 години. Арското ѓубре не само што обезбедува хранливи материи за развој и раст, туку влијае и на подобрувањето на квалитетот на структурата на почвата.

Време на сеидба

Оптимално време за сеидба се одредува во зависност од минималните Т на почвата (Т=10°С) потребна за ‘ртење на семето. Затоа е важно да се избегнат последните пролетни мразеви.

Зависно од рељефот и климатските услови, оптимален период за сеидба е од средина на април до средина на мај.

Се препорачува изборот на хибриди да биде усогласен според времето на сеидба.

- средина на април - хибриди со подолга вегетација
- средина на мај па и покасно - хибриди со покуса вегетација.

FAO група на зреење	Вегетација	Број на денови
100	Најрани	До 100
200	Многу рани	100-110
300	Рани	110-120
400	Рани	110-120
500	Средно рани	120-130
600	Средно рани	120-130
700	Средно рани	130-140
800	Средно рани	130-140
900	Доцни	140-150
1000	Најдоцни	Над 150

Начин на сеидба и густина на насадот

Се препорачува сеидбата да се изведе машински (со сеалка) на растојание меѓу редовите од 70 см.

Растојанието меѓу растенијата во редот зависи од хибридот и намената на посевот.

Според начинот на сеење може да се предвиди бројот на зрна потребни за 1 ха, прикажани во следната табела:

Растојание меѓу растенијата во еден ред	Растојание меѓу редови			
	60 см	65 см	70 см	75 см
15 см	111.110 зрна/ха	102.500 зрна/ха	96.200 зрна/ха	88.800 зрна/ха
20 см	84.300 зрна/ха	76.900 зрна/ха	71.400 зрна/ха	66.700 зрна/ха
25 см	66.700 зрна/ха	61.500 зрна/ха	57.100 зрна/ха	53.300 зрна/ха
30 см	55.500 зрна/ха	51.300 зрна/ха	47.600 зрна/ха	44.400 зрна/ха
35 см	47.700 зрна/ха	43.900 зрна/ха	40.800 зрна/ха	38.100 зрна/ха
40 см	41.700 зрна/ха	38.500 зрна/ха	35.700 зрна/ха	33.300 зрна/ха
45 см	37.000 зрна/ха	34.299 зрна/ха	31.700 зрна/ха	29.600 зрна/ха

Начин на сеидба и густина на насадот

Приближната количина на семе при сеидба на пченка за зрно изнесува 75.000-80.000 зрна по ха или 15-20 кг/ха.

При сеидба на пченка за силажа се препорачува густина на сеење од 80.000-90.000 зрна по ха или 35-40 кг/ха.

Нормата за сеидба треба да биде 10% повисока од посакуваниот склоп или според декларацијата на производителот каде што е наведен процентот на ‘ртење.

Длабочината при сеидбата треба да се усогласи со периодот на сеидбата, при што во порана сеидба кога Т е околу 8°С се препорачува да се сее на длабочина од 3-4 см.

Додека при подоцнежна сеидба поради поголемата потреба од влага и избегнување на сувиот горен слој на почвата се препорачува сеидба на 7-8 см.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Нега на насадот

Валање се извршува веднаш по сеидбата заради подобар контакт на семето со почвата. Валањето не е задолжително доколку сеидбата се извршува на нормално влажна почва.

Доколку поради појава на големи дождови се појави покорица која го отежнува про'ртувањето на семето, се врши **култивација** со лесна брана која ќе ја разруши покорицата пред про'ртувањето.

По проникнувањето, ако постои потреба, се извршуваат и неколку меѓуредови култивации за уништување на плевелите и разровкување на почвата. Доколку е потребна, оваа култивација се извршува по појавата на 2-3 листа и зависно од потребата може да се повтори 1-3 пати.

Доколку насадот не се наводнува со системот капка по капка, при извршување на култивацијата меѓу редовите може да се аплицира **прихрана** со минерални и фолијарни ѓубрива.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Нега на насадот

Се препорачува следнава програма за прихрана:

Kristalon Special - два пати по 2,5 до 3,5 кг/ха со потрошувачка на вода од 400 л/ха.

Seniphos - 5л/ха во фаза од 4 до 8 листа со потрошувачка на вода од 200 л/ха.

Zintrac - 1 л/ха во фаза од 3 до 8 листа со потрошувачка на вода од 200 л/ха.

Заштита од болести

Најчести болести се:



Болестите главно се контролираат со третирање на семето, па затоа не е потребен дополнителен третман за болести.

Овие болести најлесно се уништуваат со воведување на плодоред и замена на културата со култури кои не се од родот Пченка (Zea) и семејството Треви (Poaceae), како што се легуминози, маслодајна репа, итн.

Исто така, како мерка за заштита е и употребата на нови хибриди кои се отпорни на одредени болести чии семенски материјал поминува низ хемиски тестови уште пред почетокот на сеидбата.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Заштита од плевели

Заштитата од плевели се врши според видот на плевелите и истата може да се изврши пред сеидба, пред поникнување, или по сеидба. Заштитата просив плевели е поделена во две групи:

Linurex 50 SC - 1,5 л/ха на песокливи или до 2,5 л/ха на потешки почви (по сеидба и по никнење)

Nicogan 40 SC - 1 л/ха (по сеидба, по никнење)

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Заштита од штетници

Позначајни штетници се:


Телени црви


Совица


Пченкин пламенец


Лема


Сива пченкина пипа

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Заштита од штетници

Заштитата се врши со аплицирање на гранулирани инсектициди кои се аплицираат во почвата непосредно пред или за време на сеидбата. Може да се користи **Pison** 8-15 кг/ха со третирање во редови.


За уништување на штетниците најважно е третирањето пред сеидба со **Pyrinex 48 EC** 4-6 л/ха со инкорпорација на 10 см. Во текот на вегетацијата најчесто нема поголеми проблеми со штетници.

Следењето на агротехничките и развојните мерки (заорување и отстранување на остатоците по жетвата, избор на отпорни сорти или биолошко уништување на штетници), може значително да придонесе во борбата против штетниците.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Наводнување

Бројот на наводнувања и заливни норми е различен во зависност од развојната фаза на пченката и временските услови во регионот. Во почетокот, по сеидбата, заливните норми се помали, додека највисоката потреба за вода се јавува во фазата на развој на репродуктивните органи.



- Црвената линија претставува референтна евапотранспирација (загуба на вода преку испарување и транспирација) базирани на временските услови и животна средина.
- Сината линија ги зема во предвид растот и фазите на културата.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Наводнување





АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Наводнување

Недостатокот на вода во одредени фази на развој може да доведе до следните загуби на приносите (во тони по хектар):

Развојна фаза	Процент на дневни загуби на приносите поради стрес на растението (минимум - просек - максимум)
Од сеидба до 4 лист	----------
Од 4 до 8 лист	----------
Од 8 до 12 лист	----------
Од 12 до 16 лист	2.1% - 3% - 3.7%
Од 16 лист до појава на метлици	2.5% - 3.2% - 4.0%
Опрашување (R1)	3.0% - 6.8% - 8.0%
Формирање на клип (R2)	3.0% - 4.2% - 6.0%
Млечна фаза на зрното (R3)	3.0% - 4.2% - 5.8%
Формирање на зрното (R4)	3.0% - 4.0% - 5.0%
Зреење на зрното (R5)	2.5% - 3.0% - 4.0%
Физиолошка зрелост (R6)	0.0%

Наводнување

Наводнувањето може да се врши со:

- бразди,
- вештачки дожд и
- преку системот капка по капка.



Системот капка по капка претставува најповолен начин за наводнување бидејќи обезбедува највисоки приноси и бара минимална работна сила и потрошувачка на енергија.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Наводнување со систем капка по капка

Еден од најефикасните начини за наводнување:

- водата се искористува дури до 99%
- стресот на растението се намалува на минимум
- непречено и рамномерно наводнување на кореновиот систем
- можност за апликација на ѓубрива во текот на цела сезона
- растението добива оптимални услови за развој
- дава максимални приноси



Во 2013 година, со употреба на системот за наводнување капка по капка добиени се рекордни приноси кај пченката:

- ✓ 17,5 т/ха за зрно
- ✓ 112 т/ха за силажа

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Придобивки од употребата на системот капка по капка



Овој систем овозможува достигнување на највисоките можни приноси во зависност од генетскит потенцијал на сортата. Пченката наводнувана со капка по капка може да достигне приноси на зрно над 17 т/ха и приноси на силажа над 120 т/ха.



Може да се определи времето кога да се залеваат насадите, како и точната количина на вода што треба да се употреби, што помага при намалувањето на загубите во приносите од стрес на растението.



Се избегнува прекумерното наводнување кое може да биде многу штетно.



Овозможува културата постојано да има доволно вода за успешен раст и развој, односно високи приноси.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Придобивки од употребата на системот капка по капка



Се заштитува животната средина бидејќи на растенијата им се дава онолку вода колку што и е потребно на културата, без непотребни загуби на вода во почвата.



Овозможува лесно и брзо додавање на ѓубрива преку системот (фертиригација). На тој начин над 90% од хранливите материи се впиваат во корењата на растенијата, повеќе од кој било друг начин на ѓубрење.



Овозможува лесно и брзо аплицирање на заштитни средства преку системот, со што ефектот на приносите е уште поголем.



Залевањето може многу лесно да се контролира, што не е случај со другите техники на наводнување, особено површинските.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Поставување на системот

Системот капка по капка се поставува веднаш по завршувањето на сите агротехнички мерки по сеидбата, по меѓуредовата култивација на почвата, каде остануваат на насадот се до пред жетвата. Пред жетвата системот се собира и складира, а истата операција се повторува секоја година.

Поставувањето на системот може да биде рачно или машинско. При рачно поставување на 1 ха потребни се 2 до 3 часа. При машинско поставување или собирање времетраењето на оваа операција се намалува за помалку од 1 час.


Зона на наводнување на системот капка по капка


Инсталирањето на системот се состои од од поставување на латералните капалки на системот меѓу 2 реда пченка. Истиот се користи и за наводнување и за ѓубрење на пченката. Многу е важно сите капалки да даваат исто количество на вода за да се овозможи прецизно распоредување на хранливите материи.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Прихрана преку системот капка по капка



Фертиригација - прецизно дозирање на хранливи елементи во кореновата зона преку наводнување со систем капка по капка за оптимален физиолошки развој.



АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Основни делови на системот



АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Наводнувањето се извршува според потребите за вода на растението во секоја фаза на неговиот развој. Табелата подолу ја прикажува потребата на пченката за наводнување во целиот нејзин вегетативен период.

Развојна фаза	Наводнување	Количина
По сеидба	Доколку нема доволно врнежи, наводнување со систем капка по капка или прскалки	1-2 мм дневно
Вегетативен пораст	Систем капка по капка	3-5 мм дневно
Цветање	Систем капка по капка	5-6 мм дневно
Опрашување и оплодување	Систем капка по капка	6 мм дневно
Налевање на зрното	Систем капка по капка	6-7 мм дневно

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Жетва

Врз основа на потребата за користење на пченката, жетвата може да се подели на 2 начина.

Првиот начин е жетва за суво **зрно** која се препорачува да се изврши кога влажноста на зрното е под 30%. Доколку жетвата се врши во зрно, се препорачува сушење на зрното до 14%, а во случај кога жетвата се врши во клип, истото може да се исуши по природен пат.



АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Жетва

Вториот начин е жетва за подготовка на **силажа**. Најповолен момент за жетва е кога пченката е во фаза на восочна зрелост, кога влажноста на зрното достигнува 30%.



✓ Жетва на пченка за силажа наводнувана со систем капка по капка.
✓ Добиен принос од 112 т/ха зелена маса за силажа.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Календар за одгледување на пченка

ФЕВРУАРИ

Основна обработка



МАРТ

Основно ѓубрење



Основна обработка



АПРИЛ

Заштита од плевели



Сеидба



Заштита од инсекти



Валање



Меѓуредова култивација



МАЈ

Заштита од плевели



Сеидба



Заштита од инсекти



Валање



Меѓуредова култивација



ЈУНИ

Наводнување



Ѓубрење преку капка по капка



Меѓуредовни култивации



ЈУЛИ

Наводнување



Ѓубрење преку капка по капка



АВГУСТ

Наводнување



Ѓубрење преку капка по капка



СЕПТЕМВРИ

Наводнување



Берба



ОКТОМВРИ

Берба



Основна обработка



НОЕМВРИ

Основна обработка



- **Заштитата од плевелите** се врши според видот на плевелите и истата може да се изврши пред сеидба, пред никнување или по сеидба;
- **Заштитата од инсекти** се врши со гранулирани или течни инсектициди кои се аплицираат во почвата непосредно пред или за време на сеидбата;
- **Валањето** обично се врши веднаш по сеидбата за воспоставување на подобар контакт на семето со почвата;
- **Основната обработка** на почвата се врши на длабочина од 25 до 30 см.

Водење на евиденција

Водењето на евиденција за производството е многу значајно за едно земјоделско стопанство и претставува важен чекор во подобрувањето на приносите затоа што овозможува нивно прецизно прилагодување од година во година, во согласност со состојбата на почвата, временските услови и останатите променливи фактори.

Евиденцијата е важна дотолку повеќе што исто така се усогласувате со вкрстената сообразност и со тоа ги исполнувате посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

Страниците кои следат се наменети да служат како работна книга во која е препорачливо да се бележат податоците за агротехничките операции, ѓубрењето, наводнувањето, заштитата и жетвата на пченката во текот на една година.

Водењето на работна книга исто така го олеснува процесот на пресметување на приходи и расходи во дадената сезона, со што се олеснува и планирањето на финансиите за наредниот циклус на производство.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Податоци за агротехнички операции

Име и локација на парцела	Дата	Агротехничка операција

Податоци за ѓубрење

Име и локација на парцела	Дата	Име на ѓубриво	Количина

Податоци за наводнување

Име и локација на парцела	Дата	Вид на наводнување	Времетраење на наводнувањето

Податоци за заштита

Име и локација на парцела	Дата	Име на производ за заштита	Количина

Податоци за жетва

Име и локација на парцела	Дата	Начин на жетва (зрно, клип, силажа)	Количина

АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Ул. Климент Охридски бб
П. Фах 18
7000 Битола
e-mail: aprzdirekcija@agencija.gov.mk

За подетални информации посетете ја нашата интернет страница преку која можете да не контактирате директно или да ја пронајдете работната единица најблиска до вашето место на живеење со контакти од нашите вработени стручни лица кои ќе ви обезбедат директна помош и поддршка.

http://agencija.gov.mk/

